# ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ИВАНОВ ПРИМИ ДЕЛЕГАЦИЈА НА СРПСКАТА ЗАЕДНИЦА ВО РМ

**Скопје, 27 јануари (МИА) - На средбата беше констатирано дека српската заедница во Република Македонија дава голем придонес кон мултиетничкото богатство на традиции и култури, кои се врвна вредност на нашето општество. Претседателот Иванов го поздрави активниот ангажман на претставниците на српската заедница во сите сфери на општествениот живот во Република Македонија. Соговорниците истакнаа дека заедницата на Србите во Република Македонија, како и заедниците на Македонците кои живеат во Република Србија, даваат важен придонес кон добрите односи на двете држави.**

**Претседателот Иванов ја искористи можноста на граѓаните на српската заедница во Република Македонија да им го честита празникот Свети Сава. На средбата со Претседателот Иванов, покрај академик Урошевиќ присуствуваа и претседателот како и заменик-претседателот на Демократската партија на Србите во Македонија Иван Стоилковиќ и Драган Недељковиќ.**